ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО
ЛИСИЧЕ
Бр. 01-416/1
10.10. 2023 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Законот за јавните претпријатија(Службен весник на Република Македонија бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14,25/15 и 61/15), Статутот на ЈПВ "Лисиче" –Велес бр. 01-381/5 од 09.08.2011 година, бр.01-220/1 од 21.04.2015 година, бр. 01-220/2 од 16.09.2015 година, бр. 02-322/9 од 20.07.2022 година и Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈПВ Лисиче-Велес со број 02-361/6 од 26.07.2023 година, Управниот одбор на ЈПВ Лисиче-Велес донесе:

С Т А Т У Т
на Јавното претпријатие за водостопанство "Лисиче"-Велес
(пречистен текст)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут се уредуваат организацијата, управувањето и раководењето на Јавното претпријатие за водостопанство "Лисиче"-Велес(во понатамошниот текст ЈПВ Лисиче), согласно законските прописи и основачкиот акт на Владата на Република Македонија, кој е донесен согласно цитираниот закон.

Статутот претставува отворен акт за усогласување и дополнување со законските проекти што треба да бидат донесени во наредниот период, како и врз основа на секојденвните потреби на претпријатието.

Со Статутот се утврдуваат и општите акти и постапката за нивно донесување.

Член 2

ЈПВ ,,Лисиче"-Велес е основано со Одлука на Влада на РМ бр. 23-4371/1 од 24.07.2001 година и објавена во Службен весник на РМ бр.66/2001, а е запишано во Трговскиот регистар на Основниот суд Скопје 1 со Решение бр.2979/01 од 05.10.2001 година и дополнување на Одлуката за основање на Јавното претпријатие за водостопанство ,,Лисиче"-Велес од Владата на РМ бр.51-3700/1 од 26.07.2011 година и објавена во Службен весник на РМ број 102/2011, каде покрај средствата за основање на Јавното претпријатие припаѓаат и Акумулацијата " Младост " и " Брана Отовица на акумулацијата Младост" и Главен цевковод со делнични цевководи.

Паричните средства обезбедени од Република Македонија по разни основи како средства за работа и развој на јавното претпријатие се во износ од 2.932.869.286,оо денари утврдени со состојба на 31.12.2014 година.

Член 3

Јавното претпријатие работи под фирмата:
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЛИСИЧЕ-ВЕЛЕС

Во правниот промет Јавното претпријатие работи и со скратен назив кој гласи ЈПВ Лисиче-Велес.

Седиштето на претпријатието е во Велес, на ул. Вардарска бб.

Член 4

ЈПВ Лисиче има своја жиро сметка и свој знак-амблем.

Амблемот е во кружна форма со димензии од 30 мм во кој во предниот дел доминантна е сликата на акумулацијата, а во позадината планини и сонце.

Амблемот го симболизира животот, но и основната дејност на ЈПВ Лисиче-Велес.

Член 5

ЈПВ Лисиче има свој печат и штембил.

Печатот има форма на круг со пречник 29 мм и во него е напишан текст на фирмата:Јавно претпријатие за водостопанство ,,Лисиче"-Велес.

Седиштето на фирмата е впишано во средината на печатот.

Штембилот е во правоаголна форма со димензии 48, 20 мм и во него е впишан следниот текст: Јавно претпријатие за водостопанство ,,Лисиче"-Велес, а помеѓу текстот на фирмата и седиштето е оставено место за деловниот број и датумот.

II. ДЕЈНОСТ И СРЕДСТВА

Член 6

Јавното претпријатие се организира така што дејноста заради која е основано да ја врши на начин со кој се обезбедува:

1. Техничко-технолошко и економско единство во системот,
2. Ефикасност и транспарентност во работењето,
3. Развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот стопански развој,
4. Заштита и унапредување на добрата од општ интерес,
5. Трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на производи и услуги,
6. Самостојност и еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата.

Член 7

Согласно одлуката на Владата на Република Северна Македонија, ЈПВ „Лисиче"-Велес ќе ги врши следните дејности:

36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода
01.61 Помошни дејности за одгледување на посеви
08.12 Вадење на чакал и песок; глина и каолин
35.11 Производство на електрична енергија
42.91 Изградба на хидроградежни објекти
71.11 Архитектонски дејности
71.12 Инженерство и со него поврзано техничко советување
71.20 Техничко испитување и анализи.

Член 8

Средствата за работењето и развојот на јавното претпријатие се обебзедуваат од:

- приходите кои тоа ги остварува со сопственото работење,
- кредитните средства и
- други извори во согласност со закон.

Член 9

Јавното претпријатие во своето работење треба да се придржува кон принципите на транспарентност во финансиските односи и јасно да ги прикажат:

- средствата коишто се директно достапни на државата, органите на општините и јавните претпријатија и друштва коишто вршат дејности од јавен интерес,
- средствата коишто се индиректно достапни од државата, органите на општините, јавните претпријатија, фондови или финансиски институции и
- начинот и намената за кои средствата од претходните две точки се стават на користење.

Транспарентност во финансиските односи од овој член ќе се применува во следните случаи:

-порамнување на загубите од работењето,
- обебзедување на капиталот,
- неповратна помош или заеми под поповолни услови,
- давање на финансиски поволности преку откажување од профит или поврат на пристигнатите суми,
-откажување од нормален поврат на искористените средства и
- компензирање на финансиското оптоварување воведено од страна на државните органи.

Член 10

ЈПВ Лисиче го води своето материјално финансиско работење според меѓународните финансиски стандарди за јавниот сектор.

Член 11

ЈПВ Лисиче има обврска да доставува тримесечни извештаи до основачот кои ќе содржат финансиски показатели за финансиското работење на претпријатието.

Член 12

Внатрешната организација се уредува со посебен акт-Правилник за внатрешна организација и систематизација во согласност со карактеристиките и природата на процесот на работата, а се оставрува преку:

- раководење на претпријатието од страна на директор,согласно законот и општите акти на претпријатието
- постоење на организациони делови-сектори кои заедно обединети формираат единствена технолошка-економска-правна целина, а со кои раководат:

А) Технички раководител за организирање на техничка област за извршување на водостопанските дејности, контролно-надзорна функција на инвестиционите работи и работата со системи, мелиорации, опрема и друго,
Во овој дел спаѓаат главни инженери по цели или поедини позиции, оперативно-технички лица за изградба, одржување и работење со системите, постројките и објектите.

Б) Раководител на Сектор за финансиски, правни и општи работи во областа на економско-финансов сектор, во кој влегуваат средните оперативни работи и обврски.
Правилникот за внатрешна организација и систематизација може да предвиди и други организациони форми, согласно Закон и овој Статут.

Член 13

Внатрешна организација на ЈПВ Лисиче се утврдува со посебен акт-Преглед на систематизација на работните места во ЈПВ Лисиче, кој е составен дел на Правилникот за внатрешна организација и систематизација.

IV. ОРГАНИ НА ЈПВ ЛИСИЧЕ

Член 14

Органи на ЈПВ Лисиче се:
- Управен одбор
- Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење
- Директор.

Член 15

Управниот одбор се состои од седум членови кои ги именува, односно разрешува Владата на Република Северна Македонија.

За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува условите предвидени во член 17 ставови 4 и 5 од Законот за јавните претпријатија .

Член 16

Времетраењето на мандатот на членовите на Управниот одбор трае четири(4)години, со право на уште еден последователен мандат .

Член 17

Управниот одбор ги има сите овластувања да презема мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите на јавното претпријатие во согласност со законот.

Управниот одбор ги врши следните работи:
1. Го донесува Статутот на претпријатието;
2. Ги усвојува програмата за работа и развој на јавното претпријатие;
3. Ја утврдува деловната политика;

4. Ја усвојува годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатието;
5. Одлучува за употребата на средства остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;
6. Ги донесува одлуките за инвестиции;
7. Ги утврдува цените на производите и услугите;
8. Одлучува за внатрешната организација на јавното претпријатие;
9. Врши други работи утврдени со актот за основање и Статутот на претпријатието;
10. Го избира и разрешува директорот на јавното претпријатие основано од Владата на Северна Република Македонија Република Македонија врз основа на на јавен конкурс,
11. Донесува Деловник за својата работа
12. Донесува одлуки кои се однесуваат на износи над 50.000,00 евра по претходно одобрение од Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење.
13. Донесува одлуки за службени патувања во странство на директорот и дава согласност за службените патувања во странство, доколку патуваат повеќе од тројца вработени во претпријатието.
14. Донесува решенија за надоместок на претседателот и членовите на Управниот одбор и претседателот и членовите на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие, во износ согласно утврдената висина од страна на Владата на Република Северна Македонија согласно член 19 став 6 и член 27 став 9 од Законот за јавните претпријатија.

Член 17-а

За постапката за именување на членови на Управниот одбор, распишувањето на јавниот повик за избор на членови на Управниот одбор, постапката за селекција на членови на Управниот одбор (административна селекција и интервју), донесувањето на одлука за именување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие од редот на најдобро рангираните кандидати, поведувањето на управен спор од страна на незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие, како и разрешувањето односно престанокот на мандатот на членовите на Управниот одбор, се применуваат одредбите од членовите 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17-д и 17-ѓ од Законот за јавните претпријатија.

Член 18

Седниците на управниот одбор се свикуваат по потреба, односно во зависност од потребата за навремено и ефикасно остварување на деловната политика на претпријатието.

На седницата на управниот одбор се води записник од расправата и одлучувањето, кој се усвојува на наредната седница.

Член 19

Управниот одбор на првата седница од својот состав врши избор на претседател и заменик претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на управниот одбор.

Претседателот ги свикува седниците на управниот одбор најмалку 5 дена пред одржување на седницата или по потреба веднаш.

Управниот одбор се свикува и на барање на директорот.

Управниот одбор се свикува и кога тоа го бара најмалку една третина од членовите на управниот одбор.

Член 20

Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половината членови на управниот одбор.

Одлуките на управниот одбор се сметаат дека се донесени ако за нив гласале повеќе од половината од сите членови на управниот одбор.

При донесување на актите кои се однесуваат на износи поголеми од 50.000,00 евра, поединечно секој член на Управниот одбор е должен при гласањето да ги образложи причините за гласањето. Податоците за гласањето на секој член поединечно со образложение за причините за гласањето, задолжително се внесуваат во записникот од седницата.

Претседателот на Управниот одбор или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува, членот на Управниот одбор овластен од претседателот присуствува на седницата на Владата на Република Северна Македонија, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на Управниот одбор на Јавното претпријатие.

Месечниот надоместок за работата на претседателот и членовите на Управниот одбор на Јавното претпријатие за присуство на седници на Управниот одбор, кој не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето-плата на вработените во Јавното претпријатие исплатена во претходната година, се остварува во висина утврдена од страна на Владата на Република Северна Македонија .

Член 21

Јавното претпријатие не може на претседател или на член на управниот одбор, на претседателот или на член на надзорниот одбор или на директорот на јавното претпријатие да им дава заеми или гаранции на заеми кои тие ги склучиле со трети лица.

Превземената обврска спротивно на став 1 од овој член е ништовна.

Член 22

Управниот одбор три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор.

Во објавениот јавен конкурс се утврдуваат условите кои треба да ги исполнуваат кандидатите за директор, потребната документација и времетраењето на конкурсот.

Пристигнатите документи ги прегледува тричлена комисија избрана од управниот одбор и во рок од осум дена по истекот на рокот на конкурсот целокупната документација ја доставува до управниот одбор на јавното претпријатие.

Управниот одбор во рок од 15 дена од денот на доставувањето на документацијата, донесува одлука за избор на директор.

Ако по распишаниот конкурс не се избере директор, управниот одбор во рок од пет дена од денот на истекот на рокот од став 4 на овој член именува вршител на должноста директор до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

Член 23

За вршење контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие се формира Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење (во натамошниот текст: Надзорен одбор) составен од три члена.

За член на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува условите предвидени во член 26 ставови 2 и 3 од Законот за јавните претпријатија.

Времетраењето на мандатот на членовите на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Членовите на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие од ставот 1 на овој член ги именува, односно разрешува Владата на Република Северна Македонија .

Член 23-а

Во постапката за именување на членови на Надзорниот одбор се применуваат одредбите на членовите 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17-д и 17-ѓ од Законот за јавните претпријатија, кои се однесуваат на постапката за именување и разрешување на членови на Управен одбор.

Член 24

Надзорниот одбор во рамките на своите надлежности работи на седници.

Заради вршење на работите на контрола, надзорниот одбор за контрола може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на јавното претпријатие. Надзорниот одбор за контрола може заради испитување на документитие и списите на јавното претпријатие да повика стручни лица кои ќе му помагаат во решавањето на надзорот.

Членовите на надзорниот одбор за контрола можат да присуствуваат на седниците на управниот одбор и им се доставуваат покана со сите материјали што им се доставува на управниот одбор.

Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на управниот одбор.Управниот одбор не може да ги усвои годишните сметки извештајот за работењето на јавното претпријатие, ако претходно не добие позитивно мислење од надзорниот одбор за контрола.

Извештајот за прегледот на годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие со свое мислење, надзорниот одбор за контрола му го доставува на министерот за финансии. Во извештајот до министерот за финансии, надзорниот одбор за контрола го известува за состојбата на јавното претпријатие врз чие работење врши контрола. Надзорниот одбор за контрола копија од извештајот му доставува и на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

При донесување на актите кои се однесуваат на износи поголеми од 50.000,00 евра, поединечно секој член на Надзорниот обор е должен при гласањето да ги образложи причините за гласањето. Податоците за гласањето на секој член поединечно со образложение за причините за гласање.

Надзорниот одбор за контрола задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

Надзорниот одбор на првата седница врши избор на претседател. Претседателот на Надзорниот одбор или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува, членот на Надзорниот одбор овластен од претседателот присуствува на седниците на Владата на Република Северна Македонија, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие.

Надоместокот за претседателот и членовите на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за секоја седница на Надзорен одбор на која присуствувале, кој не смее да го надмине износот од една третина од просечната нето-плата на вработените во Јавното претпријатие исплатена во претходната година, се остварува во висина утврдена од страна на Владата на Република Северна Македонија .

Член 25

Со работата на ЈПВ Лисиче-Велес раководи директор што го избира односно разрешува управниот одбор врз основа на јавен конкурс.

Директорот на јавното претпријатие може да определи вработен кој во негово отсуство го заменува и води тековното работење на јавното претпријатие.

Член 26

Директорот се избира со мандат од четири години.

Директорот на ЈПВ Лисиче за својата работа одговара пред управниот одбор на претпријатието.

Директорот склучува договор со управниот одбор за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поблиску се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со Закон.

Член 27

Директорот го организира и раководи процесот на работа на ЈПВ Лисиче-Велес.

Во остварувањето на правата и обврските од претходниот став, директорот особено ги врши следните работи:

- ги предлага основите на деловната политика;
- го организира и раководи процесот на работата и работењето на јавното претпријатие непосредно и преку останатите лица со посебна одговорност;
- обезбедува спроведување на одлуките и заклучоците на управниот одбор;
- учествува во спроведувањето на Програмата за работа и развој;
- го обезбедува утврдувањето на критериумите за користење и располагање со средствата и употребата на средствата остварени

со работењето на јавното претпријатие односно од другите извори на финансирање;
- ја предлага внатрешната организација и систематизација;
- ги именува, распоредува и разрешува раководните лица на претпријатието;
- врши распоредување на вработените според потребите на процесот на работа;
- ја прецизира платата и другите примања по основ на работен однос
- ги предлага општите акти на јавното претпријатие предвидени со закон;
- раководи со спроведувањето на заштитните мерки во делот на одбраната и заштитата на објектите и постројките;
- донесува одлуки за финансиска помош во вид на еднократна помош до 500 евра во денарска противвредност;
- донесува одлуки за спонзорство во вид на еднократен износ до 500 евра во денарска противвредност;
- донесува одлуки за наградување на вработените;
- врши други работи предвидени со Закон, со Статут и со другите акти на ЈПВ Лисиче-Велес.

Член 28

Директорот има право и должност да учествува во работата на Управниот и Надзорниот одбор, без право на глас

Член 29

Директорот е должен секои шест месеци да доставува извештај за работата на јавното претпријатие до управниот одбор.

Во извештајот директорот е должен особено да доставува податоци за видот и обемот на работите извршени при обавување на дејноста на јавното претпријатие како и податоци за финансиското работење.

Ако од извештајот за работа се утврдат недостатоци или загуби во финансиското работење, директорот е должен истите да ги отстрани во наредните шест месеци.

Член 30

Директорот на јавното претпријатие за разрешува пред истекот на мандатот во следните случаи:

- на негово барање;
- ако настане некоја од причините поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос согласно закон;
- ако не работи и постапува според Закон, Статут и актите на јавното претпријатие или неоправдано не ги спроведува одлуките на управниот одбор или постапува спротивно со нив;
- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика штета на јавното претпријатие;
- ако ги занемарува или не ги извршува обврските и со тоа настанат нарушување во вршењето на дејноста од јавен интерес на јавното претпријатие;
- ако не достави шестмесечен извештај;

- ако и по истекот на рокот од шест месеци не ги отстрани недостатоците или во тој рок повторно има недостатоци или загуби во финансиското работење.

Управниот одбор во ставот еден на овој член ќе донесе Одлука за разрешување на директорот.

До изборорт на нов директор, управниот одбор во рок од пет дена од донесувањето на одлуката за разрешување на директорот, именува вршител на должноста директор на јавното претпријатие, но не подолго од шест месеци.

V. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЈПВ ЛИСИЧЕ

Член 31

ЈПВ Лисиче го застапува и претставува директорот во рамките на дејноста утврдена со општите акти.

ЈПВ Лисиче го застапуваат и претставуваат и лицата со посебна одговорност, во рамките на својот делокруг на работа и овластувања, утврдени со општите акти.

Во случај на пречекорување на овластувањата, застапникот сноси материјална и друга одговорност предвидена со Закон и општите акти на ЈПВ Лисиче.

VI. ПЛАНИРАЊЕ И РАЗВОЈ НА ЈПВ ЛИСИЧЕ

Член 32

За постојано извршување на својата дејност и за обезбедување на економската сигурност ЈПВ Лисиче го планира сопствениот развој при што донесува програми за работа и планови за развој.

Управниот одбор на јавното претпријатие ги усвојува долгорочните и среднорочните планови за развој на претпријатието, годишните планови на претпријатието, програмите за работана претпријатието и оперативно динамичките планови на претпријатието.

Плановите и програмите за работа се усогласуваат со програмските документи на Владата на Северна Република Македонија и на ресорните министерства, а особено на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

VII. ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 33

ЈПВ Лисиче е должно својата дејност да ја врши на начин со кој се обезбедува заштитата и унапредувањето на животната средина.

VIII. СОРАБОТКА СО СИНДИКАТОТ

Член 34

Претпријатието согласно Закон и Колективен договор обезбедува услови за работа и делување на синдикатот односно синдикалната организација.

Член 35

Синдикатот може на директорот и на управниот одбор да им поднесува предлози, мислења и забелешки од доменот на остварување на заштита на правата на работниците утврдени со законот, колективниот договор и друг пропис.

За поднесените предлози, мислења и забелешки директорот и управниот одбор се должи да заземат став и за тоа да го известат Синдикатот во рок утврден со акт на претпријатието, со кој се утврдува заштита на правата на работниците.

IX. ПОЛОЖБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈПВ ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС

Член 36

Вработените во ЈПВ Лисиче имаат положба, права и обврски од работниот однос согласно Закон за работните односи и Колективен договор.

Член 37

Ако синдикатот односно работниците во јавното претпријатие одлучат да го користат правото на штрајк, имаат обврска да постапуваат согласно Закон за јавни претпријатија.

X. ДЕЛОВНА ТАЈНА

Член 38

За деловна тајна се сметаат материјалите, податоците, исправите односно актите кои со Закон, друг пропис или Акт на претпријатието се прогласени за деловна тајна.

Деловната тајна се должи да ја чуваат сите вработени на ЈПВ Лисиче, како и членовите на сите управни одбори.

Материјалите, податоците, исправите, актите и поединечните одлуки кои претставуваат деловна тајна можат да бидат достапни на трети лица на начин предвидени со Закон.

XI. ОДБРАНА

Член 39

Во согласност со Закон за одбрана и своите интерни нормативни акти, ЈПВ Лисиче се подготвува за вршење на својата дејност, спроведувајќи соодветни подготовки и изработувајќи документи за работа во воена состојба.

Член 40

Во воена состојба јавното претпријатие превзема мерки за заштита на вработените и имотот, вклучувајќи и заштита на хидросистемот Лисиче и водостопанските објекти.

Член 41

Заради заштита на тајните податоци и информации од областа на одбраната, ЈПВ Лисиче спроведува мерки за заштита на тајноста на податоците од значење за одбраната.

XII. ИНФОРМИРАЊЕ И ЈАВНОСТ

Член 42

Информирањето на вработените и корисниците на услугите за сите прашања во врска со работењето на ЈПВ Лисиче се врши на начин определен во колективниот договоро на претрпијатието, односно на гранката.

XIII. ОПШТИ АКТИ

Член 43

Највисок општ акт на ЈПВ Лисиче е Статутот.

Статутот на ЈПВ Лисиче го донесува Управниот одбор, а согласност за него дава Основачот.

Сите други акти на ЈПВ Лисиче мораат да бидат во согласност со Статутот.

Член 44

Управниот одбор донесува општи акти согласно со Закон и со овој Статут:

- Правилник за внатрешна организација и систематизација,
- Правилник за плати, надоместоци на плати и други примања
- Правилник за заштита при работа,
- Правилник во областа на одбраната;
- Правилник за физичко обебзедување на добрата и објектите и заштита од поплави и други непогоди и
- Акти од другите области утврдени со Закон и други прописи.

Член 45

Постапката за измени и дополнувања на општите акти се врши на ист начин како и постапката за нивно донесување.

Член 46

Општите акти се објавуваат на огласната табла во службените простории на јавното претпријатие, а влегуваат во сила со денот на нивното објавување, доколку не е поинаку определно со Закон, овој Статут или општите акти.

XIV.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 47

Општите акти на ЈПВ Лисиче ќе се донесат во рок од 4 месеци од денот на влегувањето во сила на овој Статут.

ѓ

Член 48

Овој Статут влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување на огласната табла на ЈПВ Лисиче-Велес и по добивањето на согласност од основачот Владата на Република Северна Македонија.

Член 49

До донесување на општите акти утврдени со овој Статут ќе се применуваат постојните акти, доколку не се во спротивност со одредбите на постоечкиот Статут и Законот.

Член 50

Со влегувањето на сила на овој Статут, престануваат да важат одредбите од Стаутот на ЈПВ Лисиче-Велес бр. 01-417/1 од 10.10.2022 година.

По овластување на Претседател на Управен одбор Силвана Кржовска бр.02-361/2 од 26.07.2023 година за Славе Петров

Велес

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС

https://mail.google.com/mail/u/0/#inbox?projector=1